**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВАНЧО ПРКЕ“-ДЕЛЧЕВО**

# Програма за изведување на тридневна научна екскурзија со учениците од IX одделение

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„ВАНЧО ПРКЕ“-ДЕЛЧЕВО

# Програма за реализација на тридневна научна екскурзија –IX одд.
# ОУ,,Ванчо Прке“-Делчево

**во учебната 2025/2026**

**Врз основ на член 42 од Законот за основно образование(„ Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вон училишни активности на учениците од основните училишта бр.12- 10853/1 од 04.08.2025 година донесен од Министерката за образование и наука** и врз основа на Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2025/2026, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево, во состав Сашко Ивановски-вд.директор, Билјана Стоиловска-предметен наставник по македонски јазик и класен раководител на 9-то одд.-раководител на тимот; Наташка Цековска -предметен наставник по информатика и класен раководител на 9-то одделение, Коста Цинцовски-предметен наставник по географија и класен раководител на 9-то одд. И Катерина Ивановска-предметен наставник по физичко и здравствено образование и класен раководител на 9-то

одд.

**ПРОГРАМА**
**за наставно-научна екскурзија за учениците од IX одделение во основното образование**

Општинското основното училиште ООУ „Ванчо Прке“ Делчево, со учениците од IX одделение на деветгодишно основно образование во учебната 2025/2026 година планира да изведе тридневна екскурзија низ Република Северна Македонија во октомври2025г. или **април-мај 2026 година**.

Ученичките ексурзии и другите слободни и вонnаставни активности што ги организираат училиштата се посебен облик на воспитно-образовна работа што се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми. Ученичката екскурзија има воспитно-образовен и социјално-рекреативен карактер.

Согласно Правилникот за начинот на изведување на училишни екскурзии за учениците од основните училишта, програмата ги содржи следните точки:

1. Воспитно-образовни цели;
2. Задачи на училишната екскурзија;
3. Содржини и активности;
4. Раководител на екскурзијата,наставници и ученици;

5. Времетраење на екскурзијата ;

6. Локации за посета и правци за патување ;

7. Техничка организаацција ;

8. Начин на финансирање;

**ПОДАТОЦИ ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА**

## ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Реализацијата на оваа наставна екскурзија има општ воспитно-образовен карактер и е со цел повторување и утврдување на веќе стекнати знаења. Учениците со систематизираните и усвоените знаења за минатото и сегашноста, ќе придонесат во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, како и кон другите народи и држави, продлабочување интерес за понатамошно изучување на историските настани и процеси и почитување и вреднување на културното наследство.

### 1. Цел на екскурзијата:

Во согласност со воспитно-образовната работа на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево

- проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја
  - посета на локалитети и објекти од културно,историско и друго значење
- запознавање со културно-историските знаменитости,развивање патриотски чувства и припадност кон својата земја
- градење чувство за припадност кон државата,еднаквост,толеранција,соживот
- запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници кои живеат во нашата држава
- почитување на традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај
- развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на други народи кои живеат во државата
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен преку интерактивни активности

- Поттикнување на позитивни чувства (успешност,самосвест,позитивен однос кон стекнување на знаења,трајностна стекнати знаења)
- Едукација,другарувања,рекреација,спортски активности

**Воспитни цели:**

- почитување на културното наследство и традиции;
- почитување на знаења и искуства на возрасните;
- воспоставување,развивање и негување на пријателство;
- почитување и љубов кон природата и нејзиното наследство;
- љубов кон татковината;развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- развивање љубов кон изучување на историјата и културно историското наследство;
- поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;
- социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- градење чувство за патриотизам,толеранција и соживот;
- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општественит живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето од различни краеви на Р.Македонија;
- развивање позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација,колективна заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање на интерес за спортски активности,рекреација и создавање навики за здраво живеење;

**Образовни цели:**

- утврдување на основните знаења за историските настани,појави,процеси и личности од националната историја;

- запознавање со убавините на Крушево, Битола, Охрид, Дебар, Скопје, кањонот Матка, Велес ;културно-историското значење на  споменик ,,Мечкин Камен, Спомен куќата на Тодор Проески, споменик ,,Македониум", Спомен куќа на Кочо Рацин, Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк; археолошките локалитети Хераклеа, Антички театар, Самоиловата тврдина, Лихнидос, Стари град, Антички театар, Римскиот Вијадукт   културно-историското значење на манастирот ,,Св. Наум Охридски", Наколно живеалиште ,,град на вода", Плаошник, Црквата ,,Св. Јован Благослов"-Канео, ,,Бигорски манастир „Св,Јован Крстител".

- запознавање,почитување,вреднување и заштита на културното наследство на својот народ и другите народи;
- развивање на чуство за заштита,негување и одржување на природните богатства и убавини на нашата земја;

## 2. Задачи

**Екскурзијата треба да обезбеди:**

- изучувањеи истражување на објекти и појави во појавите во природата како и односите во општествниот живот;
- развивање интерес за природата и градање на еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделени краеви;
- почитување и вреднување на националното културно наследство;
- градење чувство на патриотизам,толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон:националните,културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање на позитивните емоции;
- социјализација,колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

## 3. Содржинии активности:

- утврдување,проширување,систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашатата татковина.
- посета на Спомениците,археолошки локалитети и музеите-сведоци за историјата и за минатото.
- набљудување и истражување на Убавините на родниот крај.
- запознавање со културните традиции и културното наследство на мојата татковина.
- Посета на локалитетите: Хераклеа, Крушево-споменик„ Мечин камен“, Спомен куќата и гробот на Тодор Проески, споменик„Македониум“, Плаошник, Самоиловата тврдина ,Наколно живеалиште,,град на вода“, манастир Св.Наум Охридски,, црквата ,,Св. Јован Благослов“-Канео, Антички театар Бигорски манастир„Св.Јован Крстител“, Кањонот Матка, Римскиот Вијадукт, Спомен куќата на Кочо Рацин, Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Наставно-научната екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од IX оддление на деветгодишно основно образование, ќе се реализира во времетраење од три дена (2 ноќевања).

## ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

**<u>Ден 1</u>**

⇨ Тргнување од Делчево во 7 часот.

- Пауза и доручек кај Лозово
- Пристигнување во Крушево

Посета на споменик„ Мечин камен“(со предавање за неговото значење од историски, социјален и национален аспект),
Посета на Спомен куќата и гробот на Тодор Проески,
Посета на споменик„Македониум“(со предавање за неговото значење од историски, социјален и национален аспект)
(со објаснување и предавање на значењето од историски, национален и социјален аспек на овие објекти)
-Пауза и ручек во Крушево

⇨ Патување од Крушево за Битола
⇨ Пристигнување во Битола

Посета на Хераклеа
Посета на Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк

(со предавање за значењто на овие објекти од историски аспект кај нас и во Европа)

- ⇨ Патување за Охрид
- ⇨ Пристигнување во Охрид во вечерните часови
  Сместување во хотел
  Вечера

**Ден 2**

- ⇨ Доручек во Охрид
- ⇨ Патување до манастир„Св.Наум Охридски" (со разговор за значењето на Св.Наум Охридски како македонски средновековен писател и културен деец)
- ⇨ Посета на Наколно живеалиште,,град на вода" ( со објаснување и разговор за значењето на најстарите живеалишта на вода, која е историската вредност, автентичност и начин на живот и опстојување)
- ⇨ Враќање во Охрид
  Ручек
- ⇨ Посета на Античкиот театар
  Плаошник
  Самуиловата Тврдина
  Црквата „Св. Јован Благослов" –Канео

- ⇨ Вечера
  Забава за учениците во вечерните часови (маскенбал, диско...)

**Ден 3**

- ⇨ Доручек во Охрид
- ⇨ Тргнување за Дебар
- Посета на Бигорскиот Манастир „Св. Јован Крстител" (разговор за културното наследство на манастирот и неговата улога како мост за народите кои живеат во овој крај на Македонија)
- ⇨ Патување и пристигнување во Скопје, кањонот на Матка ( разговор за геграфската положба, значење и убавина на кањонот Матка)
- Ручек на Матка
- Посета на Римскиот Вијадукт
- ⇨ Патување за Велес
- Посета на Спомен куќа на Кочо Рацин (со разговор за неговото големо творечко, културно и национално значење во литературата ((неговото творештво), борбата за јазикот и социјалниот статус).
- Тргнување за Делчево
- ⇨ Пристигнување во Делчево во вечерните часови

**Правци за патување**

**Ден 1:**
Делчево – Велес -Крушево-Битола-Охрид

**Ден 2:**
Охрид – Св. Наум –, Наколно шивеалиште,,град на вода“ Охрид

**Ден 3:**
Охрид – Дебар – Скопје (кањонот на Матка)- Римскиот вијадукт-Велес – Делчево

## Техничка Организација

Директорот на училиштето, раководителот на екскурзијата, претставниците на советот на родители и одделенските раководители се одговорни за изборот на најповолен понудувач- превозник кој ќе се грижи за безбеден транспорт на учениците до определените локации и назад и кој ќе обезбеди лекар, туристички водич, безбедно сместување, храна, и посети на дадените локации. Одделенските раководители се одговори за безбедноста на учениците во сместувачките капацитети и за посетата на локалитетите.

## СМЕСТУВАЊЕ

Изборот на хотели ќе треба да ги задоволува следните стандарди :Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на објектот. Хотелот да располага со доволен број на соби (двокреветни и трокреветни) за да сесместат учениците,да содржи добро организиран простор за одржување на личната хигиена,да имаат купатило со топла вода, грење (доколку екскурзијата се реализира во грејна сезона).Хигиената во објектот,кујната,трпезаријата и другите простории во хотелот да се одржува на високо ниво.Доколку постои можност да поседуваат спортски објекти и терени во непосредната околина кои ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности, утринската гимнастика,спортските натпреварувања меѓу учениците и друго. Вечерниот културно-забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектот кој нуди услови и простор за тоа.

Автобусите да бидат според високи туристички стандарди и климатизирани.

Храната да ги задоволува нутритивните и калориските вредности

Изборот на хотели ќе биде направен во соработка со туристичките агенции-понудувачи.

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Наставно-научната екскурзија ќе биде финансирана од страна на

родителите/старателите.

Наставно-научната екскурзија ќе ја реализираТуристичка Агенција која што ќе биде избранао од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

## ИЗБОР НА ПРАВЕН СУБЈЕКТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА

**Врз основ на член 42 од Законот за основно образование(„ Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) член 20 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вон училишни активности на учениците од основните училишта бр.12- 10853/1 од 04.08.2025 година донесен од Министерката за образование и наука** училиштето во име на родителите, ќе спроведе постапка за прибирање понуди за избор на правен субјект за изведување на екскурзијата, со објавување на оглас во најмалку два весника, од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазики во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните различен од македонскиот јазик.Истовремено училиштето ќе го истакне огласот и на видно место на влезот во училишната зграда.

Стручен тим за подготовка на Програмата за наставно-научна екскурзија за учениците

од IX одделение од деветгодишно основно образование:

Сашко Ивановски-вд. директор

Билјана Стоиловска -раководител на екскурзијата

Катерина Ивановска -одделенски раководител

Наташка Цековска -одделенски раководител

Коста Цинцовски -одделенски раководител

Вкупно ученици:42

вд. Директор
Сашко Ивановски

Раководител на ескурзија
Билјана Стоиловска